РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 03.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2532/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, април 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлогот на Закон за стручно образование и обука се додава нова одредба за определување на платата на директорот и заменик на директорот на Центарот за развој на стручното образование, како и со одредби со кои се прецизираат категориите и нивоата на работните места на вработените даватели на јавни услуги во Центарот и нивните плати.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целите и начелата на овој закон се согласно целите и начелата во Законот за стручно образование и обука.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не предвидува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Член 1

Во Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 3/25 и 74/25), по членот 77 се додава наслов и нов член 77-а, кои гласат:

„Плата на директор и на заменик на директор на Центарот
Член 77-а

(1) Платата на директорот и на заменик на директорот на Центарот, се состои од две компоненти:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.
(2) Основната компонента на плата ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за по основ на раководење и одговорност и
- дел на плата за стаж.
(3) Минималната плата е платата која се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.
(4) Директорот и заменик на директорот на Центарот остварува дел на плата за степен на образование 62 бодови.
(5) Директорот на Центарот остварува дел на плата по основ на раководење и одговорност 798 бодови.
(6) Заменик на директор на Центарот остварува дел на плата по основ на раководење и одговорност 641 бод.
(7) Делот на плата за работниот стаж на директорот и на заменик на директорот на Центарот, се вреднува во износ од 0,5% од деловите на плата за степен на образование и дел на плата по основ на раководење и одговорност, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.“
(8) Вредноста на бодот од ставовите (4), (5) и (6) на овој член, за пресметување на платата, се утврдува секоја година со одлука на Владата, на предлог на министерот, која се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, а во рамките на предвидениот буџет на Центарот.“.

Член 2

Во член 78 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Вработените во Центарот кои вршат стручни работи од ставот (4) на овој член, имаат статус на даватели на јавни услуги во областа на образованието и науката. За класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на даватели на јавни услуги во областа на образованието и науката во Центарот се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.“.

Член 3

Членот 79 се менува и гласи:

„(1) Во согласност со одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место, работните места на давателите на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон, се класифицираат во три категории, и тоа:

-категорија А - раководни даватели на јавни услуги,

-категорија Б - стручни даватели на јавни услуги и

-категорија В – помошно-стручни даватели на јавни услуги.

(2) Во рамките на категоријата А од ставот (1) алинеја 1 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на раководни даватели на јавни услуги:

-А1 - Раководител на сектор,

-А2 - Помошник раководител на сектор и

-А3 - Координатор на одделение.

(3) Во рамките на категоријата Б од ставот (1) алинеја 2 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на стручни даватели на јавни услуги:

-Б1 - Стручен специјалист,

-Б2 - Специјалист и

-Б3 - Помошник специјалист.

(4) Во рамките на категоријата В од ставот (1) алинеја 3 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на помошно-стручни даватели на јавни услуги:

-В1 - Стручен референт и

-В2 - Стручен операционалист.

(5) За пополнување на работни места на даватели на јавни услуги на Центарот, кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(6) Покрај општите услови од ставот (5) на овој член, давателите на јавни услуги од ставот (2) на овој член треба да имаат стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку пет години работно искуство и да ги исполнуваат посебните услови утврдени со актот за систематизација на Центарот.

(7) Покрај општите услови од ставот (5) на овој член, давателите на јавни услуги од од ставот (3) алинеите 1 и 2 на овој член, треба да имаат стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство и да ги исполнуваат посебните услови утврдени со актот за систематизација на Центарот.

(8) Покрај општите услови од ставот (5) на овој член, давателите на јавни услуги од ставот (3) алинеја 3 на овој член треба да имаат стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС и најмалку три години работно искуство и да ги исполнуваат посебните услови утврдени со актот за систематизација на Центарот.

(9) Покрај општите услови од ставот (5) на овој член, давателите на јавни услуги од ставот (4) алинеја 1 на овој член, треба да имаат најмалку четиригодишно средно образование и најмалку три години работно искуство и да ги исполнуваат посебните услови утврдени со актот за систематизација на Центарот.

(10) Покрај општите услови од ставот (5) на овој член, давателите на јавни услуги од ставот (4) алинеја 2 на овој член, треба да имаат најмалку четиригодишно средно образование, со или без работно искуство и да ги исполнуваат посебните услови утврдени со актот за систематизација на Центарот.“.

Член 4

Во член 81 ставовите (4) и (5) се менуваат и гласат:

„(4) Делот на плата за степенот на образование, кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место, се вреднува на следниот начин:

- ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - 62 бодови,
- ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС - 35 бодови,
- ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование– 12 бодови и
- ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование – 1 бод.

(5) Делот на плата за нивото на кое е распореден давателот на јавни услуги се вреднува на следниов начин:

-А1 Раководител на сектор - 406 бодови;
-А2 Помошник раководител на сектор - 306 бодови;
-А3 Координатор на одделение - 239 бодови;
-Б1 Стручен специјалист – 166 бодови;
-Б2 Специјалист - 127 бодови;
-В3 Помошник специјалист - 76 бодови;
-Г1 Стручен референт - 65 бодови и
-Г2 Стручен операционалист - 54 бодови.“.

Член 5

Вработените во Центарот за развој на стручното образование, вработени на неопределено време, кои до денот на влегување во сила на овој закон се стекнале со статус на административни службеници, а вршат стручни работи согласно член 78 став (4) од овој закон, по сила на овој закон се стекнуваат со статус на даватели на јавни услуги и се распоредуваат согласно условите од овој закон и актот за систематизација на работните места на Центарот за развој на стручното образование.

Член 6

Одредбата од членот 1 од овој закон, со кој се додава нов член 77-а и одредбата од членот 4 со кој во член 81 ставовите (4) и (5) се менуваат, ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Со членот 1 по членот 77 се додава наслов и нов член 77-а, со кој се уредува платата на директор и на заменик на директор на Центарот. Компоненти на плата на директор и на заменик на директор на Центарот, ја сочинуваат основна компонента и исклучителна компонента. Основната компонента на плата ја сочинуваат: минимална плата, дел на плата за степен на образование, дел на плата за по основ на раководење и одговорност и дел на плата за стаж.

Со членот 2 во член 78 ставот (2) се менува и уредува дека вработените во Центарот кој вршат стручни работи, имаат статус на даватели на јавни услуги во областа на образованието и науката. За класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на даватели на јавни услуги во областа на образованието и науката во Центарот се применуваат одредбите од овој закон, Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.

Со членот 3 членот 79 се менува и со истиот се утврдуваат три категории на даватели на јавни услуги и тоа категорија А - раководни даватели на јавни услуги, категорија Б - стручни даватели на јавни услуги и категорија В – помошно-стручни даватели на јавни услуги, како и нивоата на работните места.

Со членот 4 во член 81 ставовите (4) и (5) се менуваат и се доуредува делот на плата на даватели на јзвни услуги за степенот на образованието и за нивото на звањето за работното место.

Членот 5 е преодна одредба со која се уредува дека дел од вработените во Центарот за развој на стручното образование, вработени на неопределено време, кои до денот на влегување во сила на овој закон се стекнале со статус на административни службеници, по сила на овој закон се стекнуваат со статус на даватели на јавни услуги и се распоредуваат согласно условите од овој закон и актот за систематизација на работните места на Центарот.

Со членот 6 се уредува отпочнувањето на примената на членовите 1 и 4 од овој закон, а со членот 7 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со овој закон се прецизираат категориите и нивоата на работните места на вработените даватели на јавни услуги во Центарот и нивните плати.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ

Член 77

(1) Во случаите од членот 76 ставови (1) и (2) од овој закон, до избор на директор на Центарот, Владата именува вршител на должноста директор.
(2) Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.
(3) Исто лице може да биде именувано за вршител на должност директор најмногу два пати последователно.

Член 78

(1) Вработените во Центарот кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници. За класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници во Центарот се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.
(2) Вработените во Центарот кои вршат помошни и технички работи имаат статус на помошно-технички персонал и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.
(3) Заради вршење на стручните работи од надлежност на Центарот, утврдени во членот 67 од овој закон, во Центарот може да се систематизираат работни места и на даватели на јавни услуги во областа на образованието и науката и за нив се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи од областа на работните односи.
(4) Работните места на даватели на јавни услуги се систематизираат заради обезбедување на континуирана и соодветна стручна и советодавна поддршка на установите за стручно образование и обука, наставниците, работодавачите и поддршка на дуалното образование преку вршење на следните стручни работи:
1) организирање на истражувања и анализи за развојот на стручното образование и обука;
2) организирање и спроведување на активности за обуки за наставниците по стручните предмети и другите извршители вклучени во реализацијата на стручното образование;
3) вршење на советодавна стручна работа и стручен надзор за подобрување на квалитетот во установите за стручно образование и обука;
4) развивање, воспоставување и следење на стратешко и социјално партнерство и соработка со државни органи и јавни установи;
5) воспоставување и развивање меѓународна соработка и учество во реализација на меѓународни проекти;
6) овозможување на поддршка на реализацијата на стручното образование и обука;
7) учествување во подготовка на наставни планови, наставни програми и испитни програми;
8) давање стручни совети на установите за изработка на развојните планови и
9) овозможување поддршка и учество во други работи о д надлежност на Центарот.

Член 79

(1) Во согласност со одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место, работните места на давателите на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон, се класифицираат во две категории, и тоа:
- категорија А - раководни даватели на јавни услуги и
- категорија Б - стручни даватели на јавни услуги.
(2) Во рамките на категоријата А, од ставот (1) алинеја 1 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на раководни даватели на јавни услуги:

- ниво А1 раководител на служба и
- ниво А2 координатор на оддел.

(3) Во рамките на категоријата Б, од ставот (1) алинеја 2 на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места на стручни даватели на јавни услуги:

- ниво Б1 советник за стручно образование - самостоен стручен соработник и
- ниво Б2 помлад соработник за стручно образование - стручен соработник.

(4) За пополнување на работни места на даватели на јавни услуги на Центарот, кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

(5) Покрај општите услови од ставот (4) на овој член, давателите на јавни услуги треба да ги исполнуваат и посебните услови утврдени со актот за систематизација на Центарот.

Член 81

(1) Платата на давателите на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон се состои од следниве компоненти:

- основна компонента и
- исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на плата ја сочинуваат:

- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(3) Минималната плата е платата која се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" согласно со закон.

(4) Делот на плата за степенот на образование, кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место, се вреднува на следниот начин:

- ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - 56 бодови и
- ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС - 31 бодови.

(5) Делот на плата за нивото на кое е распореден давателот на јавни услуги се вреднува на следниов начин:

- ниво А1 – 323 бодови,
- ниво А2 -172 бодови,
- ниво Б1 - 106 бодови и
- ниво Б2 - 25 бод.

(6) Делот на плата за работниот стаж на давателот на јавни услуги се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(7) Вредноста на бодот од ставот (5) на овој член, за пресметување на платите на давателите на јавни услуги од членот 78 став (3) од овој закон, се утврдува секоја година со одлука на Владата на предлог на министерот, која се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, а во рамките на предвидениот буџет на Центарот.

(8) Вредноста на бодот од ставот (7) на овој член, не може да биде пониска од вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници, која се утврдува секоја година со одлука на Владата.